# Правилник за избор на студентски проекти

Комисија за студентски проекти
Машински факултет - Скопје

Овој документ ги регулира правилата за пријавување, избор и спроведување на студентски проекти за кои е надлежна Комисијата за студентски проекти. Овие проекти ќе бидат финансиски и логистички поддржани од Машинскиот факултет, а како главни извршители ќе се јават студентите во соработка со наставниот и соработничкиот кадар на факултетот.

Во рамките на овој правилник користени се следните термини:

- **Проект**: Активности за професионален развој на студентите кои се јасно дефинирани, и заеднички конципирани кон остварување на јасно прецизирана цел. Проектите опфатени со овој правилник се дефинирани со конкретни цели, активности, времетраење и потребен буџет.
- **Координатор**: Наставник или соработник од Машинскиот факултет при УКИМ апликант на проектот и задолжен за успешното спроведување на проектот.
- **Извршител**: Студенти, наставници и соработници на Машинскиот факултет при УКИМ активно вклучени во изработката и/или имплементацијата на проектните активности.

## 1. Повик за аплицирање проекти наменети за студенти

Повикот за предлог проекти за работа со студенти заедно со критериумите и процедурата за избор се изработува од Комисијата за студентски проекти, а предлог текстот усвоен од комисијата се дава на одобрување на Деканатската управа. Комисијата заедно со Деканатската управа и Деканатот ја имаат улогата на договорно тело одговорно за надгледување на напредокот на активностите и одобрување на трошоците.

Повикот е отворен до 15.09.2018 година и право на пријавување проекти имаат:

- Група студенти составена од најмалку 3 студента (од прв, втор или трет циклус на студии) поддржани од најмалку еден претставник од наставниот и соработнички кадар на факултетот кој/и се вклучени како дел од тимот. Одговорен (координатор) на проектот мора да биде претставник од наставниот и соработнички кадар на факултетот, додека пак контакт лице може да биде било кој член на тимот.

Мора да се напомене дека јавниот повик е наменет со цел да инволвираат студентите. Во секој од овие случаи, како главни извршители **мора** да се појават студентите.

Во еден повик, едно лице може да се јави само еднаш како координатор на проект.

# 2. Опис на проектите за работа со студенти

## 2.1. Цели

Целите на проектите за работа со студенти се:

- Да се поттикнат воннаставните активности на студентите со повисок потенцијал;
- Да се зајакне имиџот на Машинскиот факултет при УКИМ, кај тековните студенти, но и кај стручната и пошироката јавност;
- Да се остварат научните истражувања/идеи на учесниците;
- Да се поттикне претприемачкиот дух преку spin-off компании на крајот од проектите;
- Да се изгенерираат најразлични проекти изработени од студентите од сите студиски програми и да се промовираат нивните компетенции;
- Индиректно, преку сите овие активности, да се промовира МФС.

## 2.2. Активности и трошоци

Како дел од проектот може да се имплементираат секаков тип на активности и да се финансираат секаков тип на трошоци согласно позитивните законски прописи.

Буџетот ќе биде определен за секој повик посебно, без конкретни ограничувања за максималниот буџет по проект. Договорното тело го задржува правото да предложи модификации на проектите во насока на намалување на обемот или фокусирање на активности кои ќе бидат оценети како главен приоритет.

Времетраењето на проектот не смее да надмине 7 месеци.

При тоа, првата половина на април е период кога секој од проектите треба да биде завршен и презентиран.

## 2.3. Критериуми и избор

За остварување на поставените цели ќе бидат поддржани проектите кои најмногу ги исполнуваат следните критериуми:

| **Критериуми** | **Тежински фактор** |
|---|---|
| **Оригинална идеја** | 15% |
| **Можност за промоција на МФС** | 10% |
| **Исплатливост (бенефит / потребни средства)** | 15% |
| **Вклученост на повеќе студиски програми** | 20% |
| **Повторно искористување на опремата/материјалите за наредна година** | 30% |
| **Начини на промоција** | 10% |

**Техничка проверка**

Добиените предлог проекти ќе поминат низ техничка проверка. Доколку се увидат неколку недостатоци контакт лицето и координаторот добиваат рок од 5 работни дена да достават дополнувања и/или корекции.

**Евалвација**

Комисијата за избор на студентски проекти ги разгледува целосните проекти и ги оценува со оценка од 1-5 за секој од горенаведените критериуми. Вкупните поени по оценувач се добиваат како сума на производите од добиените оценки по секој од факторите и соодветните тежински фактори. Идеите кои ќе бидат оценети со најмногу вкупни поени од сите оценувачи ќе бидат предложени за понатамошно имплементирање.

## 3. Обврзувачки одредби

**Сопственост на резултатите и опремата**

Резултатите од имплементираните проекти остануваат во сопственост на Машинскиот факултет и координаторот има обврска да ги презентира за промотивни потреби на факултетот.

**Признание за вклучените студенти**

Студентите од прв циклус на студии кои ќе бидат извршители во проектите ќе добијат признание во додатокот на дипломата (Diploma Supplement).

### 3.1. Делумно неисполнување на проектните цели

**Нереализирање на активности**

Во случај проектот да биде реализиран и <u>целите постигнати</u>, а дел од активностите да не бидат реализирани и соодветниот дел од проектниот буџет да остане непотрошен, проектот се смета за успешно реализиран, но отстапувањата мора да бидат објаснети во проектниот извештај.

Во случај проектот да биде реализиран и <u>целите делумно или целосно не постигнати</u>, а дел од активностите да не бидат реализирани и соодветниот дел од проектниот буџет да остане непотрошен, проектот се смета за делумно успешно реализиран. Во тој случај, Комисијата ќе ги разгледа причините и ќе одлучи дали вклучените во проектот треба да бидат негативно оценети. За избегнување на ваквите случаи, мерките ќе се движат до забрана за пријавување на проекти до 3 следни повика, на лицето кое што е координатор.

**Реализирање на активности но делумно неисполнување на проектните цели**

Во случај проектот да биде реализиран и <u>целите делумно постигнати</u>, а сите активности да бидат реализирани и целиот проектен буџет да биде потрошен, проектот се смета за делумно успешно реализиран. Во тој случај, Комисијата ќе ги разгледа причините и ќе одлучи колку вклучените во проектот треба да бидат негативно оценети. За избегнување на ваквите случаи, мерките ќе се движат од забрана за пријавување на проекти во следниот еден до следните 5 повика.

Во случај проектот да не биде реализиран, односно целите воопшто да не се постигнати, а целиот проектен буџет да биде потрошен, проектот се смета за неуспешен. Во тој случај, Комисијата ќе ги разгледа причините и ќе одлучи колку вклучените во проектот треба да бидат негативно оценети. За избегнување на ваквите случаи, мерките ќе се движат од забрана за пријавување на проекти во следните 3 до следните 6 повика.

### 3.2. Известување

Координаторот е должен да поднесе извештај за проектот на секои 3 месеци. Врз основа на извештаите и начинот на спроведување на проектот до тогаш, ќе се одлучува за продолжување на проектот или не. Во однос на позитивно мислење за проектот, координаторот може да продолжи со имплементирање на проектот.

На крајот на проектот, координаторот треба да поднесе целосен извештај за реализација на проектот, како и да подготви постер големина Б1 за проектот.

## 4. Поднесување на предлог проекти

Поднесувањето на предлог проектот се врши со испраќање на пополнет и потпишан Образец А - Формулар за поднесување предлог проект на следната e-mail адреса: prodekan.nastava@mf.edu.mk и архивата на факултетот, најдоцна до 15.9.2018.